[redacted]

20___ год. Viti
Потпис/Nënshkrim

ЗМАИ
Здружение за истражување и анализи

**До**: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов, бр. 4
1000 Скопје

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedure administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - Shkup

| Примено: Pranuar: | 03.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005- | 485/1 | | |

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:** [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

Начин на доставување на информацијата:

1) по пошта
2) телефон
3) факс

[redacted]

(4) е-маил
5) друго ______________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 03.05.2022 година .** ______________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

11.05.2022

**Архивски број:** 1005-485/5

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-485/1 од 03.05.2022 година поднесено од страна на [redacted] **СЕ УВАЖУВА.**
2. Бараната информација ќе биде доставена на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

[redacted]пје на ден 03.05.2022 година достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст: Државна комисија) Барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е заведено под број 1005-485/1.

Во Барањето е наведено дека подносителот од имателот ја бара следнава информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?
- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот


Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

однос за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, наведени во звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот ( доколку и за што е возможно) за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година?

Притоа, во барањето е наведено дека начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е во форма на електронски запис (пожелно е во word или во excel формат), а начинот на достава е по пат на е-маил.

При постапување по поднесеното барање, Државната комисија утврди дека информацијата која се бара е информација од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија го имаше предвид член 20 став 1 од законот, каде е наведено дека ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.

Исто така, во член 21 став 1 од законот е предвидено дека имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука позитивно да одговори на истото и бараната информација до подносителот ќе биде доставена на начин како што е наведено во самото барање.

При постапување по барањето, Државната комисија го имаше предвид и член 6 од законот каде се наведени исклучоците од слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова